# ДДДМ

Илинденска 5а 1300 Куманово
тел. +389(0)31 423-537, 070 31 36 48

www.stomatoloskozdruzenie.com
E-mail: stomatoloskozdruzenie@yahoo.com


ПОШТАРИНА ПЛАТЕНА ВО ПОШТА 1300 КУМАНОВО





## Хотел БЕЛВИ
## 17.10.2015
## Скопје





# СИМПОЗИУМ
## СО МЕЃУНАРОДНО УЧЕСТВО: РЕСТАВРАЦИЈА НА ПАРАДОНТАЛНО КОМПРОМИТИРАНО ЗАБАЛО

Симпозиумот е акредитиран од стручната комисија на Стоматолошка Комора на Македонија со 8 бода за пасивно и 12 бода за активно учество

**"Зачувувањето на природната дентиција е цел на секој стоматолог. Меѓутоа во секојдневната пракса многу често се соочуваме со пациенти кои имаат напреднато ниво на изгубено коскено и периодонтално ткиво, односно т.н. "пародонтално компромитирани" пациенти. Кај овие пациенти пародонтално-реставративната меѓусебна поврзаност го обезбедува клиничкиот успех само тогаш кога насоките за сеопфатно планирање и чекор-по-чекор постапките за третманот, се запазени од почетокот до крајот. Целта на симпозиумот е преку следните предавања да ги апсолвирате клучните елементи во комплексноста на терапевтското решавање на пародонтално компромитираните пациенти."**

**Проф. Д-р. Ана Миновска**
Претседател на здружение по ласерска стоматологија, болести на уста, пародонт, орална медицина и пародонтална хирургија
ДДДМ Етернитас

## ПРОГРАМА

**08.30-09.30 Регистрација на учесници**

**09.30-09.45 Отварање на симпозиум**

**09.45-10.25 Проф. Д-р. Ана Миновска**

Редовен професор на Факултетот за медицински науки при Универзитетот Гоце Делчев Штип, меѓународен предавач од областа на пародонтологијата и ласерската стоматологија, визитинг професор на Стоматолошкиот факултет при Универзитетот во Јаши, Романиа, член на бордот на Балканското стоматолошко друштво и сопственик на Центарот за дентално здравје ЕТЕРНАдент.Предавач и организатор на голем број конгреси, симпозиуми и hands on курсеви во земјата и странство. Автор на учебници од областа на пародонтологијата. Добитник на голем број признанија и награди од областа на стоматологијата. Член на Комисијата за стручни прашања на СКМ и член на уредувачкиот одбор на стручното списание Bosnian J. of Dental Med.

**"Пародонтална протеза"**

Пародонтопатијата денес со право многу често се спомнува. Комплексноста на оваа болест произлегува од интерактивната комбинација на етиолошки фактори и индивидуални системски состојби. Поради сево ова и терапијата на пародонтално компромитираните пациенти изискува мултидисциплинарен пристап кој вклучува последователен или секвенционален третман. Затоа, за да се има поволна прогноза препорачливо е во дефинираниот логички редослед на клиничкиот пристап да се вклучи и т.н. "пародонтална протеза" која се користи како терапевска помош во лекувањето на пародонталната болест.

**10.25-11.00 Проф. Д-р. Слободан Додиќ**

Дипломирал 1993 год., а специјализирал стоматолошка протетика 1998 год. Докторирал 2003 год., а од 2004 год. се стекнува со звањето доцент на Стоматолошки факултет во Белград, на Клиниката за стоматолошка протетика. Во својата кариера стручно се усовршува во Бон, Германија и досега има учествувано на бројни српски и меѓународни едукативни собири како предавач по повик. Во последниве пет години има објавено над 100 стручни труда од кои пет во списанија со рецензија од SCI (или SSCI) листа. Се јавува како автор и коавтор на три учебника, монографија, учебни помагала и на над десетина трудови објавени во српски стручни списанија. Од 2013 год. е промовиран во звање вонреден професор.

**"Керамички мостови - од идеја до реализација при парадонтална компромитираност"** Во естетската стоматологија керамичките мостови како алтернатива на металкерамичките конструкции сè повеќе заземаат значајно место. Правилна индикација во изработката на било која мостова конструкција, меѓу кои и на керамичките, се базира на комплексни елементи на биостатика (можност на оптоварување на заби носачи). Од исклучителна важност е правилниот избор на комерцијален керамички систем или вид на керамичкиот материјал во зависност од индикативниот момент. Големо влијание секако има и димензијата и дизајнот на споевите во фронтална регија кој е директно поврзан со оклузо - гингивалната висина, видот на керамичкиот материјал и производната технологија за постигнување на саканите резултати.

**11.00-11.40 Проф. Д-р. Косовка Ѓуричиќ-Обрадовиќ**

Дипломирала на Стоматолошки факултет во Белград во 1980 год., магистрирала 1985 год., а 1989 год. специјализира стоматолошка протетика. Докторира 1992 год., а од 2004 год. е редовен професор на Стоматолошки факултет во Белград на предметите стоматолошка протетика и дентални материјали. Сфера на посебен интерес и претставуваат фиксните реставрации, денталните материјали и естетската стоматологија за што стручно се усовршува во Норвешка, Линхенштајн и Германија. Во својата кариера се јавува како учесник на повеќе српски и меѓународни списанија со рецензија и има учествувано на десетици национални и меѓународни едукативни настани како предавач на повик. Член е на повеќе релевантни српски и меѓународни стручни асоцијации и друштва. Уредник е и коавтор на неколку книги, учебни помагала и има над 150 научни стручни труда објавувани во релевантни српски и меѓународни списанија.

**"Недоумици во избор на керамички систем во секојдневна стоматолошка пракса"**

Како да се избере адекватен керамички материјал за поставена клиничка индикација, да се определи технолошка постапка при изработка на надоместокот и да се обезбеди долготрајноста во оралното опкружување, се параметри од големо значење за успешноста на тераписката процедура. Прашањето за избор на на адекватен керамички систем за определена клиничка индикација, не претставува само тешка задача , туку и вистински предизвик за практичарот.Во врска со тоа, класификацијата на керамичките материјали како и знаењето за нивната структура и нивните особини можат значително да помогнат во рационализацијата и на некој начин ги поедностават секојдневните тераписки задачи во пракса.

**11.40-11.50 Презентација** АЛКАЛОИД СКОПЈЕ

**11.50-12.15 Пауза**

**12.15-12.45 Проф. Д-р. Владо Ванковски**

Дипломира на Стоматолошки факултет во Скопје 1984, а специјализира од областа на стоматолошка протетика 1993. Магистрира 2001 година со тема „Компаративна анализа на забалото со помош на периотест кај интактни заби, ендодонтско третирани и заби со протетско помагало„ Докторска дисертација со наслов „Стрес апсорбер како додаток на дистално поставен имплантат - носач на фиксно протетска конструкција„ одбранува 2005 г. Објавил над 40-ина трудови во земјава и странство. Од 2011 година е вонреден професор на Стоматолошки факултет при ЕУРМ, а од 2015 година е избран за Декан на Стоматолошки факултет при ЕУРМ

**"Периимплантитис и трауматска оклузија , причини за пост-имплантолошки компликации"**

Поставувањето на денталните имплантати во оваа веќе поминатата втоте декада од дваесет и првиот век претставува секојдневна рутина. Веќе не постои тајна ниту во начинот на производството на имплантатите, ниту во методот на поставување. По поставувањето и остеоинтеграцијата на имплантатите следи изработка на протетски конструкции и постигнување на целта и на пациентот и на терапеутот. Но мораме да продискутираме и за губење на имплантатите , за расклатување на протетските конструкции , за појава на периимплантитис и за целосно фијаско. Кои се причините за сето тоа и дали причината за неуспех на имплантопротетска терапија е периимплантитисот или пак лошото планирање и супраоклузијата кои пак доведуваат до ресорпција на коската околу имплантатот па понатаму и инфекција и губење на протетската конструкција.

**12.45-13.15 Проф. Д-р. Маја Пандилова**

Вонреден професор на Стоматолошкиот факултет во Скопје на катедрата за болести на устата и пародонтот. Дипломирала на Стоматолошкиот факултет во Скопје 1987 година , специјализира 1995 година и докторира во 2004 година.Автор е на 4 учебника, 5 скрипти и повеќе научни трудови објавени во домашни и странски списанија .

**"Дилеми и предизвици во тек на конзервативниот третман на пародонтопатијата"**

Нехируршката, односно конзервативната терапија е почетна фаза во справувањето на пародонтално засегнататото забало, независно дали третманот натаму ќе продолжи со хируршко или протетско згрижување. Во текот на овој третман постојат реални очекувања и цели кои сакаме да ги постигнеме како и стандардни постапки преку кои треба да се остварат посакуваните резултати. Иако навидум едноставен и рутински , конзервативниот третман на пародонтопатијата носи и дилеми почнувајќи од планирањето и одлуките дали да се лекува или ексрахира забот, дали може да биде носач, дали се исцрпени сите средства, кога да се употребат медикаменти. Дел од овие проблеми преку клинички случаи ќе бидат дискутирани во тек на излагањето.

**13.15-13.45 Д-р Даниела Цветановска Стојчева**

Дипломира на Стоматолошки факултет во Скопје, 2002 година. Стручно-научен престој (2004,2005) на Универзитетската Стоматолошка Клиника во Тибинген, Германија во област имплантологија и протетика на импланти. Координатор на интернационален ДААД проект „Дентална имплантологија во Југоисточна Европа" (2005,2006). Од 2007 година работи во Центар за дентално здравје ЕТЕРНА дент во Скопје.Од 2013 година сертифициран предавач за ласерска стоматологија со бројни предавања и обуки одржани во Европа и Азија.

**"Дентални импланти кај пародонтално компромитирани пациенти"**

Денталните импланти се присутни во стоматолошката пракса од 70-тите години на минатиот век. Голем дел од пациентите изгубиле само еден заб и истиот не сакаат да го надоместат со протетска изработка. Има пациенти со терминална безабост кои не сакаат тотални протези, како и возрасни пациенти со протези кои бараат фиксно протетско решение а имаат и пародонтална болест. Познато е дејството не периопатогените бактерии врз периимплантните ткива, а заради комплексноста на третманот на оваа болест и одржувањето на пародонталното здравје потребно е да се има посебен протокол за терапија на овие пациенти со цел добивање на долгорочен успех на имплантите.

**13.45-14.00**
**Дискусија и доделување на сертификати**

## КОТИЗАЦИЈА:

**до 09 октомври 2015 (петок) ----- 1400,оо ден.**

**за членови на ДДДМ**
**со платена членарина за 2014**
**до 09 октомври 2015 (петок) --- 1200,оо ден.**

**од 10 октомври 2015(сабота) ----- 2000,оо ден.**

**Уплатата се врши на жиро сметка на ДДДМ**

**530 0707018309 17 / Охридска Банка**

**БРОЈОТ НА УЧЕСНИЦИ Е ОГРАНИЧЕН**
**Поради ограничен број на места котизацијата ќе се прима до пополнување на истите. Уплатата да се врши со точно име и презиме на учесникот**


CURAPROX
Colgate
АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
ДЕНТОМЕД-М
ОРАЛ ЕСТЕТИК ТРЕЈД
VIK Dental

ВО СОРАБОТКА СО НАШИОТ ПАРТНЕР
Medimak
Skopje
СПЕЦИЈАЛНИ ПОНУДИ
ЗА СИТЕ СО ПЛАТЕНА КОТИЗАЦИЈА